# Наставна содржина
# Приближна бројност

# Да повториме!

Што се означува со броевите?

Според морфолошката класификација во која група на зборови спаѓаат броевите?

Кои броеви имаат посебни форми за род и број?

Дали броевите може да се членуваат?

**Броевите се зборови кои означуваат точно или приближно количество на предмети, суштества, поими.**

**Пример:**

**Имам две мачиња.**

**Имаше две-три идеи.**

**Разликуваме броеви за:**

- **точна (определена ) бројност**
- **приближна бројност.**

**Определена бројност**-количеството е точно избројано (два,три,сто...).

**Приближна бројност**-количеството е приближно избројано (два-три,стотина,седум-осум...).

Броевите кои искажуваат приближна бројност се образуваат на два начина:

1.Со поврзување на два последователни броја (седум-осум, пет-шестотини);

Примери: Во паркот имаше две-три деца.

Момчето имаше два-тринаесет години, а неговиот татко три-четириесет.

2.Со суфиксот –ина (десетина, педесетина, стотина).

Примери:

Дојдоа едвај десетина луѓе.

На трката имаше стотина учесници.

## Вежби

Прочитајте го внимателно текстот а потоа препиши ги броевите и определи дали означуваат точна или приближна бројност, дали е употребено членување и бројната форма за лица.

За еден месец ќе наполнам дванаесет години.Многу сум возбуден поради мојата роденденска забава.Веќе две-три седмици ја правам листата со гости.Ќе поканам триесетина другари.

Осуммина се од мојата улица, десетина од училиште, а трите другарки од Охрид, со задоволство ќе дојдат.

Двете мои сестри се задолжени за украсување на собата во која ќе се случува забавата.Ќе биде весело! Дваесетина балони во разни бои ќе ја дополнат атмосферата. Мајка ми ќе приготви вкусна торта.На тортата ќе го има амблемот на мојот омилен фудбалски клуб Јувентус.

Четворица другари навиваат за истиот тим.Седум-осум другари навиваат за Барселона, а тројца за Баерн.И пет-шест девојчиња се големи љубителки на фудбалот.Често,  знаеме да дискутираме со жестина бранејќи го својот тим.

Со нетрпение ги бројам деновите до роденденот.Триесет, дваесет и девет, дваесет и осум...

## Вежби:

Напиши три реченици во кои ќе употребиш броеви кои означуваат приближна бројност.

Напиши приближна бројност од броевите:
5-6, 12-13, 30-40, околу 50, 200-300, 3000-4000

Наставник: Маја Ѓорѓиевска
е-пошта: rusevska@yahoo.com